## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**3416.**

Врз основа на член 46 став (3) од Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04,92/07,35/10 и 47/11), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОЛИЧИНИТЕ НА ГОРНИТЕ ГРАНИЦИ-ПЛАФОНИТЕ НА ЕМИСИИТЕ НА ЗАГАДУВАЧКИТЕ СУПСТАНЦИИ СО ЦЕЛ УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЕКЦИИТЕ ЗА ОДРЕДЕН ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА НАМАЛУВАЊЕТО НА КОЛИЧИНИТЕ НА ЕМИСИИТЕ НА ЗАГАДУВАЧКИТЕ СУПСТАНЦИИ НА ГОДИШНО НИВО

Член 1

Во Правилникот за количините на горните граници-плафоните на емисиите на загадувачките супстанци со цел утврдување на проекциите за одреден временски период кои се однесуваат на намалувањето на количините на емисиите на загадувачките супстанции на годишно ниво („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/10), во табелата во Прилогот, во третата колона VOC килотони, бројот „20“ се заменува со бројот „30“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.07-7465/6
1 ноември 2011 година
Скопје

Министер,
**Абдилаќим Адеми,** с.р.

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3417.**

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10), член 26 став 3 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11 и 135/11) и точка 14 од Одлуката за начинот за вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/11), гувернерот на Народната банка на Република Македонија, донесе

### У П А Т С Т В О
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ СО СТРАНСТВО

Во Упатството за начинот за вршење на платниот промет со странство У.бр. 5013 од 06.06.2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/11), се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во делот Б. ПЛАТЕН ПРОМЕТ ВО СТРАНСКИ ВАЛУТИ под I. НАПЛАТИ ОД НЕРЕЗИДЕНТИ:

Во точката 28 алинеја 4 зборовите: „кредитна пријава од“ се заменуваат со зборовите: „известување за евидентирана кредитна работа во“.

Во точката 35 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3 коишто гласат:

„По исклучок од став 1 на оваа точка, наплатите од нерезидент - физичко лице за корисник резидент - физичко лице врз основа на лични трансфери на средства, банката може да ги одобри директно на тековната сметка на корисникот на наплатата, без претходна писмена информација добиена од корисникот - физичко лице, доколку во известувањето за пристигнатата наплата добиена од странската банка е наведено дека станува збор за личен трансфер на средства.